Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр. 5/2002), член 71 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Сл. Гласник на Општина Демир Хисар,, бр.3/2002), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

# **И З В Е Ш Т А Ј**

за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2024 година
на подрачјето на Општина Демир Хисар

Согласно Програмата за јавно осветлување за 2024 година на подрачјето на Општина Демир Хисар беа планирани активности на 3 (три) нивоа и тоа:

1. Контрола на потрошената електрична енергија и техничката исправност на светилките и инсталациите,
2. Проширување на ниско напонската мрежа-јавно осветлување и
3. Одржување на јавното осветлување.

**1.**Контрола на потрошената електрична енергија за јавно осветлување беше вршена од страна на АД ЕВН, Кориснички Енергетски Центар-Битола. Врз основа на доставените фактури во 2024 година на име потрошена електрична енергија за јавно осветлување фактуриран е износ од **2.538.158,00** денари. Од страна на АД ЕВН за 2024 година извршена е наплата на комунална такса за јавно осветлување во износ од **9.443.405,00** денари.

Во продолжение, даден е табеларен преглед на финансиската состојба за јавното осветлување во Општина Демир Хисар за 2024 година.

| Р. бр. | Вкупно фактурирана потрошена електрична енергија | Вкупно наплатени средства од ЕВН за комунална такса | Вкупно уплатени средства на ЕВН за потрошена електрична енергија |
|---|---|---|---|
| **1.** | **2.538.158,00** | **9.443.405,00** | **2.149.753** |

Техничката исправност на светилките и инсталациите во 2024 година беше вршена од страна на Општина Демир Хисар и месните заедници.

**2.**Проширување на нисконапонската мрежа-јавно осветлување беше извршено во Бараково со должина од 20 $м^1$, Големо Илино со должина од 50 $м^1$, Жван со должина од 80 $м^1$, Ново Село со должина од 30 $м^1$, Загориче со должина од 30 $м^1$, Мренога со должина од 50 $м^1$, Журче со должина од 40 $м^1$, Сопотница со должина од 40 $м^1$ и Вирово со должина од 20 $м^1$ или вкупна должина од 360 $м^1$. За подобрување на јавното осветлување поставени се 8 нови вандерми.

**3.**Одржување на уличното осветлување во 2024 година беше од страна на Општината Демир Хисар. За реализација на оваа активност во 2024 година беа потрошени вкупно **329.060,00** денари за подобрување на јавното осветлување и за замена на опремата-материјалите (заменети 534 сијалици 23W и други материјали).

Видот и количината на потрошените материјали за одржување на уличното осветлување во 2024 година даден е табеларно во прилог на овој извештај.

Бр. 08-_____/__
___.___.2025 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски